**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *МУЗИЧКА УМЕТНОСТ*

**ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ**

**ЗА IV ГОДИНА**

**Скопје, 2003**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** *музичка уметност*

**1.2. Вид на средно образование:** *гимназиско образование*

**1.3. Година на изучување:** IV година

**1.4. Број на часови**

1.4.1. Број на часови седмично: *2 часа*
1.4.2. Број на часови годишно: 66 *часа*

**1.5. Статус на наставниот предмет:** *изборен предмет*

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА ИЗБОРНАТА НАСТАВА ПО МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

**2.1. Општата цел** на наставата по изборниот предмет музичка уметност е на учениците да им се овозможи да ги продлабочат знаењата за музичката уметност на одредени подрачја, да развиваат љубов и интерес кон музиката како составен дел на животот, да се развиваат творечки способности и истражувања на полето на новите сознанија за музиката, да ги надградуваат личните способности, знаења и умеења согласно со индивидуалните предиспозиции, интереси и желби за овој предмет каде што ќе дојде до израз нивната креативност за развивање на естетски чувства кон уметничкото и детското музичко творештво и да се развиваат способности за музичката писменост со желба за понатамошно продолжување на образованието во другите високообразовни институции.

**2.2. Посебни цели на наставата**

Ученикот:

- да запознава, усвојува и применува музички правопис;
- да ги воочува, препознава и класифицира музичките инструменти по нивната намена и градба;
- да се запознава со техниката и начинот на свирење на ДМИ;
- да дискутира за ДМИ и да ја воочува нивната звучност (ритмички – мелодиски);
- да учествува во групна оркестарска интерпретација со ДМИ;
- да дискутира и разликува инструментална музика од другите видови на музика (вокална, вокално-инструментална и др.);
- да може да музицира на еден од инструментите на кој веќе има основни познавања;
- да го користи музичкиот правопис преку анализа на слушаните дела;
- да ги распознава елементите од музичките форми;
- да ја организира работата за мини проекти – истражувања за одредени теми;
- да развива желба за групна работа со учество во оркестар и други музички состави;
- да демонстрира правилна вокална интерпретација на детски, уметнички, популарни песни и фрагменти од познати автори;
- да воочува, истакнува карактеристики на одредена култура, епоха и уметнички стил и да ги негува културните вредности на сопствениот и на другите народи;
- да идентификува стилски карактеристики на музиката од разни музички правци;
- да препознава и доживува естетски содржини на инструменталната музика и да ги разликува најзначајните инструменти од симфонискиот оркестар;
- да посетува музички настани на полето на оперската, балетската и друг вид на музика;
- да се подготви за продолжување на образованието и учење низ целиот живот;
- да формира интегрално сфаќање за животот и да го разбира значењето на уметноста и културата во општеството и личниот живот;
- да експериментира и открива нови можности за музички израз.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на целите на изборната програма по музичка уметност и успешното занимавање со уметноста и творештвото, неопходно е ученикот да ги користи предзнаењата од основното образование и искуствата стекнати во гимназиското образование (I , II и III година) низ содржините и активностите во разни музички институции.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС
### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **I. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ** | Ученикот треба:<br>• да запознава, усвојува и применува музички правопис;<br>• да се препознаваат и применуваат видовите тактови;<br>• да се оспособува за ритмичко читање;<br>• да воочува ритмички елементи (синкопа, триола и контртан);<br>• да солфежира во тонските скали;<br>• да ги препознава местата на тоновите во тонските скали;<br>• да разликува и користи предзнаци (диез, бемол, бекар);<br>• да разликува и воочува дур од мол;<br>• да ги разликуваат и применуваат видовите на темпа и динамичките знаци. | Наставникот:<br>• да организира групна форма на работа;<br>• да го објаснува музичкиот правопис;<br>• да презентира нагледни средства за музичка писменост;<br>• да демонстрира правилно ритмичко читање;<br>• да презентира музички примери;<br>• да презентира шеми, графикони за користење на предзнаците;<br>• да демонстрира разни музички примери за разликување и воочување на дур од мол;<br>• да подготви музички примери. | • Мајчин јазик и литература;<br>• музичка теорија;<br>• солфеж;<br>• историја на музиката. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **II. МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ**<br><br>➢ Гудачки инструменти<br>➢ Дувачки Инструменти<br>➢ Жичени инструменти<br>➢ Инструменти со дирки<br>➢ Ударни инструменти<br>➢ Детски музички инструменти | ➢ Да ги воочува визуелно музичките инструменти;<br>➢ да ги препознава музичките инструменти;<br>➢ да ги класифицира инструментите според нивната намена и градба;<br>➢ да се запозне со техниката и начинот на свирење на ДМИ;<br>➢ да разликува инструментална музика од другите видови на музика;<br>➢ да препознава индивидуална и групна инструментална интерпретација;<br>➢ да музицира на еден од инструментите на кој веќе има основни познавања;<br>➢ да се оспособи за индивидуално и групно инструментално интерпрети-рање и придружување со ДМИ. | ➢ Да подготви илустрации и видеозаписи за воочување и препознавање на музичките инструменти;<br><br>➢ да демонстрира начин и правилна техника на свирење на ДМИ;<br><br>➢ да подготви аудио-визуелни средства со одредени примери;<br>➢ да укажува на правилен начин на музицирање;<br>➢ да ги следи и упатува во правилно интерпретирање со ДМИ. | ➢ Ликовна уметност;<br>➢ историја на музиката; |
| **III. СЛУШАЊЕ МУЗИКА** | ❖ Да го препознава тонскиот род (дур - мол);<br>❖ да разликува видови темпа;<br>❖ да ја идентификува динамиката и нејзините нијансирања;<br>❖ да ги препознава и одредува видовите тактови;<br>❖ да ја препознава бојата на звукот според изворот;<br>❖ да го воочува звукот на ДМИ;<br>❖ да ги распознава елементите од музичките форми; | ❖ Да подготви музички примери;<br>❖ да презентира музички примери;<br><br>❖ да демонстрира разни видови тактови;<br><br>❖ да презентира звуци од ДМИ;<br>❖ да демонстрира разни шеми, графикони и др.;<br>❖ да презентира музика од разни музички правци;<br>❖ да ги насочува за начинот на | ❖ Историја на музиката;<br>❖ мајчин јазик и литература;<br>❖ историја;<br>❖ музички форми;<br>❖ теорија на музиката;<br>❖ ликовна уметност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ❖ да ја препознава музиката од разни музички правци;<br>❖ да ја доживува и изразува музиката преку диригирање, ритмичко пулсирање, поетско - прозно творење и др.;<br>❖ да развива критичко мислење. | изразување на музиката преку диригирање, ритмичко пулсирање, поетско и прозно творење и др.;<br>❖ да подготви трибина за критичко-аналитички осврт за одредени дела. | |
| **IV. ВОКАЛНА ИНТЕРПРЕ-ТАЦИЈА**<br>♦ **Детски песни**<br>♦ **Уметнички песни**<br>♦ **Популарни песни**<br>♦ **Фрагменти од дела на познати автори** | ♦ Да ги применува основните елементи на вокалната интерпретација;<br>♦ да дискутира за карактерот на литературниот текст;<br>♦ да се приспособува да интерпретира песни по слух и нотен текст;<br>♦ да се оспособува за самостојно интерпретирање на песни преку нотен текст и маханичка репродукција;<br>♦ да се продлабочи осетот за карактерот на дурската и молската звучност;<br>♦ да се оспособи за одредување на соодветно темпо и правилна примена на динамички знаци;<br>♦ да демонстрира правилна интерпретација на канони;<br>♦ да се развива интерес за индивидуално и хорско пеење;<br>♦ да се оспособи за пеење и инструментална самопридружба;<br>♦ да пее култивирано со воедначена боја на тонот;<br>♦ да го развива естетското вреднување на популарната музика. | ♦ Да демонстрира правилна вокална интерпретација;<br>♦ да презентира музичка литература;<br>♦ да демонстрира правилна вокална интерпретација на песни по слух и нотен текст;<br>♦ да презентира композиции со раз-личен карактер, темпо и динамика;<br>♦ да ги упатува на правилна интерпретација на канони;<br>♦ да презентира аудио и видео-запис на индивидуално и хорско пеење;<br>♦ да демонстрира правилен начина на пеење со инструментална самопридружба;<br>- да организира мал концерт. | ♦ Мајчин јазик и литература;<br>♦ историја;<br>♦ музички форми;<br>♦ теорија на музиката;<br>♦ ликовна уметност;<br>♦ историја на музиката. |

**4.2. Организација и реализација на наставата**

Наставата по музичка уметност ќе се реализира соодветно на нејзината цел - **да ги подготви учениците за стекнување и проширување на знаењата за запишување на соодветните факултети.** Во текот на наставата во четврта година, **наставникот и учениците** треба да ги повторуваат изучените наставни содржини во претходните години (I, II,III). Нова наставна содржина е „Музичката писменост" која е потребна да се подготват учениците за упис на соодветните факултети. Исто така, се проширени содржините во темата „Музички инструменти", каде што учениците се запознаваат и со детските музички инструменти, додека другите тематски целини се во функција на поставената цел на предметот.

**Планирањата и подготовките** на наставникот треба да бидат насочени кон мотивирање и подготвување на учениците за запишување на соодветните факултети. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободното изразување на своите чувства преку слободен избор на слушање музика, запознавање на инструменталната музика, како и творечка работа во групно - тимско работење со запознавање на музичката писменост. Со примена на соодветни комбинации на форми и методи на работа, во согласност со содржината, возраста на учениците и условите во училиштето, треба да се задоволат потребите на учениците за проширување, продлабочување, систематизирање, примена и проверување на знаењата и спсобностите за успешно полагање приемни испити на соодветните факултети. За да се надградат стекнатите знаења ќе се зголеми соработката со вонучилишните институции како: Операта, Балетот, Македонската филхармонија, ФМУ, музичките училишта и други културни установи. Ќе се соработува со наши познати уметници кои ќе бидат гости во училиштата, на пр.: композитори, диригенти, соло – пејачи, инструменталисти, балетски уметници и др.

**Активности на ученикот:** слуша; набљудува; демонстрира; повторува; дискутира; применува; истражува; увежбува; анализира; применува; учи во парови; учи во групи; користи разни извори на знаења, посетува други вонучилишни институции (Опера, Балет, Македонска филхармонија, ФМУ, музички училишта, и други културни установи). Сите овие активности на ученикот ќе имаат за цел да ги надградат теоретските знаења кај учениците кои ќе можат и практично - со посета на сите вонучилишни установи (Опера, Балет, Македонска филхармонија, ФМУ, музички училишта и други културни установи) да ги утврдат своите теоретски знаења и да ја развијат својата лична култура која е еден од многуте важни сегменти за развој на културна и сестрано образована личност и да им помогнат за полесно запишување на соодветните факултети.

**Активности на наставникот:** организира, објаснува, дава инструкции, демонстрира, координира, поставува задачи, ги вреднува задачите, дискутира, систематизира, прави и води забелешки, презентира, организира и води мини проекти, организира посета на гости уметници и други познати личности од светот на музичката уметност, организира посети на Операта, Балетот, Македонската филхармонија, ФМУ, музички училишта и други културни установи. Во глобала, ќе ги организира и ќе ги

поттикнува учениците во работата, ќе ги упатува во процесите на музичкото творештво (од инспирација, идеја, подготовки, изработка на проект и др.). Секако, ќе ги посочува можностите за индивидуален развој на секоја личност во рамките на културата и општеството за да го разберат значењето на музичката уметност во општеството и личниот живот и да ги насочат за запишување на соодветните факултети.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

За остварување на целите на изборната настава по музичка уметност ќе се користат документите:
Наставна програма и видовите планирања, со посебно нагласување на активностите на наставникот и ученикот во организацијата и остварувањето на часот. За организација и реализација на наставата неопходни се одредени услови, меѓу кои најбитен е кабинетот или адаптираната училиница по музичка уметност која треба да биде опремена со соодветен инвентар и нагледни средства. По стекнувањето на теоретските знаења во училиштето, дел од наставата може да биде спроведена и со посета на други вонучилишни институции (Опера, Балет, Македонска филхармонија, ФМУ, музички училишта и други културни установи). Во текот на работата со учениците ќе се има предвид солидната комуникација на релацијата: наставник-ученик и обратно, задоволување на нивните потреби и интереси, оспособување на учениците за самостојно размислување и изнаоѓање оригинални решенија и развивање љубов и интерес кон музичката уметност и желба за понатамошно изучување и запишување на соодветните високообразовни институции.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во остварувањето на целите по музичка уметност треба да се обезбедат просторни и материјално-технички услови:

- музички инструмент од составот на симфонискиот оркестар, т.е.за уметничка музика;
- музички инструменти со електронска музика;
- детски музички инструменти;
- музички инструменти кои се користат за секојдневна намена;
- магнетна табла и др.

#### 4.4.1. Технички помагала:

- касетофон (во стереотехника);
- музички систем составен од радио, касетофон и ЦД;
- ТВ со видеорикордер;
- компјутер со музички програми за изработка на партитури и можности за нивно репродуцирање и печатење на печатач.

**4.4.2. Литература за наставниот кадар:**

- музичка теорија;
- музички лексикони;
- музички енциклопедии;
- литература  од областа на музичката уметност;
- музички информации од Интернет;
- друг вид на литература и музикалии од  значење за реализација на програмата.

**4.4.3. Литература за учениците**

Користење во практични цели на учебниците од редовната настава:

- Музичка  уметност – за I и II година гимназија
- енциклопедии (за уметноста и друго),  стручни списанија и литература според изборот и можностите на ученикот;
- брошури од популарен вид на музичката уметност;
- музичка литература од информативен карактер;
- ЦД, видеоснимки (видеокасети) од историјата на уметноста;
- друга литература и музикалии од значење на нивниот интерес и потреби во совладувањето на оваа наставна програма, како и за проширување на нивните музички и културни хоризонти.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде резултат на континуирано следење и вреднување на знаењата и умеењата, како и залагањето и активноста на ученикот во текот на наставата. Вреднувањето ќе се врши со различни постапки, форми и инструменти. Знаењата, способностите и постигањата на учениците се оценуваат согласно воспитно-образовниот систем за оценување на учениците во Република Македонија.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

**Покрај условите пропишани во Законот за средно образование, наставникот во процесот на наставата треба да поседува (или да се стреми да ги достигне) карактеристики како:**

- **организатор** на наставата: планира активности, методи, форми, наставни средства, дидактички материјали, осмислува редослед, динамика и организација и врши соодветни материјално-технички и организациски подготовки;
- **предавач:** од улога на предавач кој само кажува, преминува во предавач кој поставува проблем, иницира љубопитство, расправа, мотивира, соопштува информации, демонстрира, дополнува, објаснува, споредува и др.;
- **стручњак:** следи најнови достигнувања во наставната област (и предмети со кои воспоставува корелативни врски), дава точни информации, усовршува модели и техники за реализирање на наставниот процес соодветно на способностите и интересите на ученикот како единка и применува современа образовна технологија;
- **личност:** поседува систем на вредности со кои влијае на ученикот, партнер во работата, толерантен, помага, охрабрува, поттикнува позитивни вредности и интереси, комуницира со родителите, колегите и други странки, нема говорни и физички мани, ја сака и почитува педагошката професија;
- **оценувач:** континуирано ги следи, проценува и оценува активностите, однесувањето на ученикот и постигнатите резултати во областа на знаењата и умеењата и позитивните промени во карактерот на личноста на ученикот;
- **самокритичен** и проценувач на сопствените залагања, активности и резултати.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии на:

1. Факултетот за музички уметности – оддел за музичка теорија и педагогија.
2. Факултет за музичка уметност (други оддели) со стекната педагошка докфалификација на Факултетот за музичка уметност.

Предност да имаат кадрите според назначениот редослед.

**6.3. Стандард за простор**

Пожелно е остварувањето на програмските цели на изборната настава по музичка уметност да се одвиваат во кабинет или специјализирана училница по музичка уметност која е опремена со материјално – технички и дидактички средства и мебел согласно Нормативот за простор и други потреби на наставата.
Кабинетот да поседува и просторија за подготовка на наставникот која, покрај другото, ќе служи и како дидактичка остава за чување на материјално-техничките средства, стручна литература, инструменти и друго.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7. 1. Датум на изработка:** ноември 2003 година.

**7.2. Состав на работната група:**

1. **Анкица Витанова,** советник, Биро за развој на образованието – Скопје, раководител
2. **Живоин Глишиќ,** вонреден професор на Факултетот за музичка уметност – Скопје, член
3. **Анета Димеска,** професор ДСУ „Кочо Рацин" – Скопје, член
4. **Бранислав Панов**, професор ДСУ „Кочо Рацин"- Велес, член
5. **Арјана Груби,** професор ДСУ„Зеф Љуш Марку"- Скопје, член
6. **Сузана Тнокова-Кузмановска,** професор ДСУ „Орце Николов"- Скопје, член

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Примената на програмата започнува:** 01.09.2004 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната изборна програма по музичка уметност ја одобри (донесе):____________________________________________________
_________________________________________________________________со решение бр.---------------------од ----------------------година.